## 3. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето на охридската белвица, покрај научно, има и практично, односно економско значење, ако се има предвид намалувањето на природната популација на охридската белвица, како и биолошката важност на оваа риба како редок, реликтен и ендемичен вид.

Целта на овие истражувања е:

– да се испитаат биометриските и морфолошките карактеристики на белвицата;

– да се добијат податоци за исхраната на охридската белвица во природни услови, која од овој аспект за прв пат е истражувана, односно да се утврди должината, масата и исполнетоста на дигестивниот тракт со храна, квалитативниот и квантитативниот состав на содржината во дигестивниот тракт, т.е. да се изврши детерминација на хранливите компоненти, со што ќе се дополнат еколошките особености на популацијата на белвицата во Охридското Езеро;

– да се утврди масовиот и ткивниот состав на рибата;

– да се испита основниот хемиски состав на месото,

– да се согледа можноста за рибничко одгледување на охридската белвица.